# ‚О луѓе, ширете го селамот, нахранете ги гладните, одржувајте ги роднинските врски и клањајте ноќе додека луѓето спијат – ќе влезете во Џенетот со мир.‘“

Абдулах бин Селам, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Кога Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, пристигна во Медина, луѓето се собраа околу него и велеа: ‚Пристигна Божјиот пратеник!‘ – трипати. Потоа и јас отидов заедно со луѓето за да го видам, и кога го здогледав неговото лице, веднаш сфатив дека тоа не може да биде лице на лажливец. Првите зборови што ги слушнав од него беа: ‚О луѓе, ширете го селамот, нахранете ги гладните, одржувајте ги роднинските врски и клањајте ноќе додека луѓето спијат – ќе влезете во Џенетот со мир.‘“
[صحيح] [رواه الترمذي وابن ماجه وأحمد]

Кога Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, пристигнал во Медина, луѓето побрзале да му пристапат. Меѓу оние што дошле кај него бил и Абдулах бин Селам, Аллах нека е задоволен со него, кој бил евреин. Кога го видел, веднаш сфатил дека неговото лице не може да биде лице на лажливец, поради светлината, убавината и достоинството што зрачеле од него. Првото што го слушнал од Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, бил неговиот повик кон дела што водат до влез во Џенетот. Меѓу кои се: 1. Ширењето на селамот – поздравување со „селам“ на тие што ги познаваш и тие што не ги познаваш. 2. Храњењето на гладните преку давањето садака, подароци и угостување. 3. Одржувањето на роднинските врски со тие со кои имаш семејни или крвни врски од страната на таткото или мајката. 4. Клањањето доброволен намаз ноќе, додека луѓето спијат.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee